ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

27 Октомври 2017 година | Гевгелија | Број 15 | Година XL

Врз основа на член 38 став 1 алинеа 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.10.2017година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија**

1.Во Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија се избираат претседател и четири членови, и тоа:

Запретседател:

-**Перо Стојанов**, член на Советот на општина Гевгелија

За членови:

-**Виктор Кралев**, член на Советот на општина Гевгелија,

-**Снежана Ташевски**, член на Советот на општина Гевгелија,

-**Ристо Ѓоргиев**, член на Советот на општина Гевгелија,

-**Трајко Арџанлиев**, член на Советот на општина Гевгелија

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1935/1
26.10.2017год.
Гевгелија

Претседавач
на Првата седница на Советот
на општина Гевгелија,
**Магдалина Делковска с.р.**

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 44 и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.10.2017година по расправата по Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија за верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се усвојува Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија за верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија.

Се верифицира мандатот на членовите на Советот: Ташко Дојчинов, Андон Сарамандов, Даниела Иљкова, Зоран Лазаровски, Тихомир Ручкоманов, Томе Кичуков, Тодор Ристов, Марија Магдинчева-Шопова, Магдалина Делковска, Ристо Камов, Перо Стојанов, Митко Алчинов, Ристо Ѓоргиев, Ангелинка Петкова, Виктор Кралев, Игор Илков, Снежана Ташевски, Елизабета Јаневска, и Трајко Арџанлиев.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1936/1
26.10.2017 год.
Гевгелија

Претседавач
на Првата седница на Советот
на општина Гевгелија,
*Мaгдалина Делковска с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеа 15 и член 47 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 алинеа 37 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.10.2017година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на претседател на Советот на општина Гевгелија**

1.За претседател на Советот на општина Гевгелија се избира
-**Ташко Дојчинов**, член на Советот на општина Гевгелија.
2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-1938/1
26.10.2017 год.
Гевгелија

Претседавач
на Првата седница наСоветот
на општина Гевгелија,
*Магдалина Делковска с.р.*

---

Врз основа на член 38 став 1 алинеа 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.10.2017година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија**

1.Во Комисијата за прашања на избори И именувања на Советот на општина Гевгелија се избираат претседател и четири членови, и тоа:
За претседател:
-**Тодор Ристов**, член на Советот на општина Гевгелија
За членови:
-**Митко Алчинов**, член на Советот на општина Гевгелија,
-**Ташко Дојчинов,** член на Советот на општина Гевгелија,
-**Зоран Лазаровски**, член на Советот на општина Гевгелија,
-**Ристо Ѓоргиев,** член на Советот на општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општинаГевгелија".

Бр.09-1939/1
26.10.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за семејство ("Службен весник на РМ" бр. 80/92, 09/96, 38/04 83/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, и 104/15 год.) и член 38 став 1 алинеа 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.10.2017година, донесе

## О Д Л У К А
### за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат членовите на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 2**

Секој член на Советот на општина Гевгелија независно дали има живеалиште на матичното подрачје за кое се водат матичните книги на венчаните може да присуствува присклучување на брак.

**Член 3**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија бр.07-837/1 од 18.04.2013година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.09/13 год.).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1940/1
26.10.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

## С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија .......................................... 408

2.Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија за верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија .............................................. 408

3.Решение за избор на претседател на Советот на општина Гевгелија ............. 409

4.Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија .................................................... 409

5.Одлука за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија .................... 410

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**